# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 25 Декември 2013 година<br>Службен гласник број 17<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email :prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА НА ДЕЛБЕН БИЛАНС НА ДВИЖЕН И НЕДВИЖЕН ИМОТ ПОМЕЃУ ЈП ЗА „ПУП”-ПРИЛЕП И ЈСП „ПРИЛЕП”-ПРИЛЕП**

1. Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка на делбен биланс на движен и недвижен имот помеѓу ЈП за „ПУП’’-Прилеп и ЈСП „Прилеп’’-Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 - 3069/1
25.12.2013 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (’’Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20 .12.2013 година, донесе:

**РЕШЕНИЕ**
за формирање на Комисија за спроведување на постапкана делбен биланс на движен и недвижен имот помеѓу ЈП за ПУП-Прилеп и ЈСП„Прилеп’’-Прилеп

1. Со ова Решение се формирање на Комисија за спроведување на постапка на делбен биланс на движен и недвижен имот помеѓу ЈП за ПУП-Прилеп и ЈСП„Прилеп’’-Прилеп, во состав:
- Бранко Нешкоски , директор на ЈП за ПУП-Прилеп
- Горанчо Јошески, вработен во ЈП за ПУП-Прилеп
- Дејан Насески, директор на ЈСП„Прилеп’’-Прилеп
-Маре Наумоска, дипломиран правник
-Лилјана Груеска, дипломиран економист

2. Се овластува Комисијата да ја спроведе постапката на делбен биланс на движен и недвижен имот помеѓу ЈП за ПУП-Прилеп и ЈСП „Прилеп’’-Прилеп и се задолжува да изготви Извештај за спроведената постапка, кој ќе го достави до Советот на Општина Прилеп со соодветна предлог-Одлука.

3. Решението да се достави до именованите, архивата и Градоначалникот на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 – 3012/2
20.12.2013 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН -ПРЕТСТАВНИК НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА**

**ПОЛИТИКА ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „НАША ИДНИНА'' -ПРИЛЕП**

1. Решението за именување на член-претставник на министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Наша иднина''-Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 - 3069/2 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 25.12.2013 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 114 став 8 и став 18 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр. 23/2013), и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за именување на член-претставник на министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Наша иднина''-Прилеп

1.За член-претставник на министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Наша иднина''-Прилеп, се именува:

-Снежана Котева, професор по дделенска настава.

2. Мандатот на членот на Управниот одбор трае 4 години.

3.Решението да се достави до именованата, ЈОУ за деца-Детска градинка ,,Наша иднина''-Прилеп','Градоначалникот и Архивата на Општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 07 – 3012/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 20.12.2013 година | на Советот на Општина Прилеп |
| П р и л е п | м-р Никола Димески |

***СОДРЖИНА***
***на “Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 17***
***од 25.12.2013 година***

1. Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка на делбен биланс на движен и недвижен имот помеѓу ЈП за ,,ПУП’’-Прилеп и ЈСП ,,Прилеп’’-Прилеп. ........................................................................................................................**Стр.1**

2. Решение за именување на член-претставник на министерство за труд и социјална политика во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка ,,Наша иднина’’-Прилеп. ................................**Стр.2**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правн и и општи работи. Тираж: 50 примероци